Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 14.08.2022

На 13.08.2022 во 22.30 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(30) од Скопје. За него била издадена централна потерница со која се барал за издржување на изречена мерка притвор поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори", превидено и казниво по чл. 215 ст.1 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на мерката.

Денеска (14.08.2022) во 04.50 часот на подрачјето на Кисела Вода од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Д.Ц. (31) од Скопје, затоа што при преглед кај него е пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.08.2022 во периодот од 01.00 до 04.00 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола заедно со Одделот за криминалистичка полиција при БЈБ и Одделот за специјални полициски операции при извршена акциска контрола во угостителски објект на ул.„Македонска Фаланга" во Битола, лишени од слобода Љ.Н.(36) од САД со привремен престој во Прилеп, И.Т.(22) од Скопје и Г.С.(24) од Прилеп, бидејќи кај нив е пронајдена и одземена прашкаста материја. Од слобода се лишени и И.Ј.(38) и Х.К.(24) од Битола, поради тоа што кај нив биле најдени нож и боксирач, со што постапиле спротивно на Законот за оружје, како и П.Ѓ.(24) од Битола, кој го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Тие се приведени во полициска станица Битола и против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 во 22.50 часот на плоштад на подрачјето на Центар во Скопје полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Џ.А.(26) од Скопје, затоа што при преглед на патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, пронајдени се два ножа и еден самострел со четири стрели. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Вчеравечер (13/14.08.2022), од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Одделот за униформирана полиција, СВР Битола-ОВР Прилеп при извршена акциска контрола на подрачјето на Прилеп, со која беа опфатени повеќе угостителски објекти, од слобода се лишени М.Г.(18) и И.М.Т.(28), бидејќи при преглед кај М.Г. била пронајдена и одземена марихуана, а кај И.М.Т. прашкаста материја. Против нив ќе биде поднесена соодветна пријава. Во угостителски објект во 00.40 часот биле затекнати и приведени двајца малолетници од Прилеп, кои биле предадени на родителите против кои ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Во текот на вчерашниот ден (13.08.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 295 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 194 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 101 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (13.08.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 196 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 106 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон, 12 за возење под дејство на алкохол, четири мерки за нерегистрирани возила, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 13.08.2022 во 23.10 часот на автопатот Скопје-Гевгелија, кај наплатна рампа „Демир Капија", од полициски службеници од Полициска станица Михајлово приведени се Ц.В.О.Р. (29) и Р.С.Р.(21), двајцата од Куба, затоа што по извршената контрола во службената евиденција било констатирано дека немаат остварено влез во државата на граничен премин. Лицата се предадени за понатамошна постапка на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал миграции странци и реадмисија при Регионалниот центар за гранични работи Југ.

Во текот на изминатата вечер (13/14.08.2022) во рамки на проектот „Безбедно лето 2022", во периодот од 21.00 до 04.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Кочани за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 28 возачи, од кои девет за возење без возачка дозвола, осум за возење под дејство на алкохол... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

Во текот на изминатата вечер (13/14.08.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 24 возачи.

На 14.08.2022 во 01.02 часот во СВР Битола е пријавено дека на крстосницата од ул. „Солунска" и ул.„Никола Тесла" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед „хамачи", без регистарски ознаки, управуван од 16-годишник и патничко возило „опел вектра", со битолски регистарски ознаки, управувано од А.С.(43), двајцата од Битола. Во несреќата возачот на мопедот се здобил тешки телесни повреди, а неговиот сопатник В.М. (28) со телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Во координација со Јавен обвинител, увид на местото на несреќата извршила екипа од Полициска станица Битола.

Во текот на изминатата вечер (13/14.08.2022) беше спроведена акциска контрола на територијата на град Прилеп за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се шест возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, шест за возење без возачка дозвола, еден за измината важност на возачката дозвола и еден за возење без дозвола. При контролата констатирани се и четири останати прекршоци, а на сите прекршители им се изготвени соодветни поднесоци.

На 13.08.2022 во 13.50 часот во Полициска станица Гази Баба, З.К.(37) од с.Стајковци, скопско, пријавил дека во селото неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Денеска (14.08.2022) во 01.30 часот, од полициски службеници од ОВР Кичево лишен од слобода е Б.К.(52) од Прилеп. При контрола на возило со кое се превезувал, извршена кај месноста „Стара централа" на регионалниот пат Кичево-Македонски Брод, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа ќесе со кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.08.2022 во 20.30 часот од полициски службеници од СВР Охрид лишен од слобода е К.Ж.(22) од Куманово. При претрес извршен во стан во Охрид, што привремено го користел, полициските службеници пронашле и одзеле предмети со остатоци од марихуана и кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (14.08.2022) во 04.00 часот, полициски службеници од ОВР Кичево го лишија од слобода Ш.Б.(36) од Кичево. При контрола извршена кај Осломешката раскрсница, на магистралниот пат Кичево-Гостивар, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа ќесе со кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатата вечер (13/14.08.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија. При контролата санкционирани се 103 возачи. Од нив 24 на територија на СВР Битола, 23 на територија на СВР Струмица...

Во текот на изминатата вечер (13/14.08.2022) во рамки на „Безбедно лето 2022", во периодот од 22.00 до 04.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Кичево за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 36 возачи, од кои 10 за возење под дејство на алкохол, а еден мотоцикл е одземен поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 13.08.2022 во 22.00 часот во Тетово од полициски службеници од Полициска станица Тетово лишен од слобода е Ф.С.(33) од Тетово, затоа што околу 15.00 часот во Тетово, по претходно недоразбирање, ѝ упатил закани на неговата поранешна девојка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 околу 12.30 часот полициски службеници од СВР Тетово му изготвиле соодветен поднесок на А.Ф.(38) од с.Нераште, тетовско, затоа што претходно лажно пријавил поплакапротив негов сосед и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејства.

На 14.08.2022 во 01.00 часот во угостителски објект во с.Жеровјане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го привеле И.М.(27) од Р.Албанија, поради тоа што непријавено престојувал во државата. Лицето е предадено на полициски службеници од Отсекот за прекуграничен криминал миграции странци и реадмисија Тетово за понатамошна постапка.

На 13.08.2022 на подрачјето на Центар полициски службеници од Единица за насилен криминал – Одделение за крвни деликти при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Р.(53) од Скопје, постапувајќи по пријава од 35-годишна скопјанка според која на автобуска постојка на подрачјето на Центар и во автобус, пријавениот недолично се однесувал, самозадоволувајќи се. Тој е приведен во полициска станица и во координација со Јавен обвинител против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 14.08.2022 во 01.50 часот во Неготино од полициски службеници од Полициска станица Неготино лишен од слобода е О.Ј.(21) од Неготино, затоа што агресивно се однесувал и физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 во 15.00 часот во Полициска станица Гостивар, Ш.А.(39) од Гостивар пријавил дека околу 03.00 часот пред казино во Гостивар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Ѓ.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 02.50 часот во Полициска станица Бит Пазар, Б.Ш.(39) од Скопје пријавила дека на 13.08.2022 околу 23.00 часот на плоштад Скендербег, едно лице фрлило со тврд предмет којшто ја погодил нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 14.15 часот во Полициско одделение Сарај, В.М.(66) од с.Волково, скопско, пријави дека околу 13.30 часот на подрачјето на Сарај, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 00.25 часот во Полициска станица Тетово Н.Ј.(19) од с.Шемшово, тетовско пријавил дека на 13.08.2022 околу 22.05 часот пред спортски центар во Тетово, тој и неговиот малолетен брат биле физички нападнати од Е.К. од Тетово и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 04.45 часот во Полициска станица Гостивар В.С.(24) од Гостивар пријавил дека околу 03.00 часот во угостителски објект во Гостивар бил физички нападнат од В.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 03.20 часот во Полициска станица Бит Пазар А.И.(19) од с.Студеничани, скопско, пријавил дека на 13.08.2022 околу 23.30 часот, додека присуствувал на концерт на плоштадот Скендербег, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 околу 09.00 часот на крстосница од ул.„Шишка" и ул.„Методија Андонов Ченто" во Кавадарци, патничко возило „фиат пунто", со неготински регистарски ознаки, управувано од И.А.(41) од с.Тимјаник, неготинско, излетало од патот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициска станица Кавадарци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.А.(56) од село Лакавица, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 24.09.2021 полициски службеници ги лишиле од слобода Џ.К. (27) од село Врапчиште, Р.А.(22) и Ф.А.(31), двајцата од Гостивар, кај кои бил пронајден кокаин.

На 13.08.2022 во 01.11 часот во Полициска станица Крива Паланка, Д.Н.(36) од Р.Србија пријавил дека во луна парк кај спортска сала во Крива Паланка бил физички нападнат од П.Д.(46) од Битола. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 13.08.2022 во 23.10 часот во Полициска станица Кочани С.А.(33) од Кочани пријавил дека околу 22.30 часот во близина на угостителски објект во трговски центар во Кочани неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 02.20 часот во Полициска станица Радовиш, В.А.(31) од с.Покрајчево пријавил дека околу 02.00 часот пред угостителски објект во Радовиш бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.08.2022 во 02.15 часот во Полициска станица Неготино, А.С.(27) од с.Пепелиште пријавил дека околу 01.10 часот во угостителски објект во Неготино бил физички нападнат од Н.Н. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 17.44 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" донесен е повреден Љ.С.(64) од Скопје. Според пријавеното, околу 15.30 часот на пат од угостителски објект на Козјак кон населба Кисела Вода, додека управувал патничко возило „киа", со скопски регистарски ознаки, почувствувал болка во дланката, по што забележал дека бил погоден од дијабола. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 17.10 часот во Полициска станица Гази Баба, А.Б.(26) од Белгија, со престојувалиште во Скопје, пријавил дека околу 16.00 часот во трговски центар на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Р.Б. и С.Б. од с.Визбегово, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 23.30 часот во Полициска станица Гази Баба, И.Б.(32) и Д.Б.(40), двајцата од Скопје пријавиле дека околу 21.30 часот во близина на игралиште во с.Инџиково, скопско, нивните три малолетни деца биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 06.45 часот во Полициска станица Неготино е пријавено дека во с.Криволак, неготинско, по претходна расправија, настанала меѓусебна физичка пресметка помеѓу С.Ф.(18) и Д.И.(18) од една страна и А.Н.(20) од друга страна, сите од Неготино, во која бил употребен и остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесекривична пријава против Е.Р.(59) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 06.07.2022 од полициски службеници од СВР Тетовона регионалниот пат село Пирок-Тетово, кај стариот сточен пазар, било сопрено комбе „форд транзит", управувано од пријавениот, при што од извршената контрола е констатирано дека пријавениот врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца.

На 13.08.2022 во 18.00 часот во СВР Куманово е пријавено дека во Медицински центар Куманово со повреда во нога од огнено оружје бил донесен М.М.(40) од с.Липково, кумановско. Според негово кажување, повредата со пиштол му ја нанел неговиот роднина и сосед Р.М.(58) од с.Липково, околу 17.30 часот во неговата викенд куќа во близина на с.Липково, со кого имале нерасчистени имотно-правни односи. За случајот е известен Јавен обвинител, а по издадена судска наредба од Основен суд Куманово бил извршен претрес во дом и други простории на Р.М., каде биле пронајдени пиштол „ЦЗ" со рамка и два куршума и пиштол „Пиетро Берета" и празна рамка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Н.А.(48) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено приозиводство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекузори". На 03.10.2021 од полициски службеници бил извршен претрес во домот на пријавениот, каде била пронајдена и одземена марихуана помешана со тутун.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет